Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ИНДУСТРИСКО ЗАГАДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК
DEPARTAMENTI PËR NDOTJEN INDUSTRIALE DHE MENAXHIM ME RREZIQE

Арх.бр. 11-4461/4

Дата. 15-11-2019

Врз основа на член 119 став (1) а во врска со член 134 став(2) од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 39/16, 28/18, 65/18 и 99/18), министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следново:

# Р Е Ш Е Н И Е

За одземање на А –Дозвола за усогласување со оперативен план, на операторот Друштво за градежни материјали 8-ми Ноември 2016 ДОО Неготино

1. А- Дозволата за усогласување со оперативен план, на операторот Друштво за градежни материјали 8-ми Ноември 2016 ДОО Неготино, бр.11-3231/6 од 08.05.2014год. се одзема.

## Образложение

Правниот субјект Друштво за градежни материјали 8-ми Ноември 2016 ДОО Неготино, носител на А-Дозвола за усогласување со оперативен план бр.11-3231/6 од 08.05.2014год. согласно процедурата за интегрирано спречување и контрола на загадувањето, има обврски и задолжувања кои треба да ги реализира во предвиден рок, редовно да доставува годишни извештаи, да известува за измени


Министерство за животна срединаи просторно планирањеnaРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

во инсталацијата и активноста да ја врши во обем и во време утврдено во А – Дозволата за усогласување со оперативен план.
При вонреден инспекциски надзор од страна на државен инспектор за животна средина на ден 17.09.2019год. Записник ИП бр.192-80, за правниот субјект Друштво за градежни материјали 8-ми Ноември 2016 ДОО Неготино, констатацијата со наод за фактичката состојба е дека инсталацијата не работи, односно не врши дејност – производство на тули и е во стечајна постапка.

Со оглед на тоа што инсталацијата Друштво за градежни материјали 8-ми Ноември 2016 ДОО Неготино, е во стечај, не е оперативна - активноста не ја врши во обем и во време утврдено во А-Дозволата за усогласување со оперативен план, Министерството за животна средина и просторно планирање постапувајќи во согласност со член 119 став (1) од Законот за животна средина одлучи за донесување на Решение за Одземање на А – Дзовола за усогласување со оперативен план бр.11-3231/6 од 08.05.2014год.

Имајќи го предвид погоре изнесеното се донесе решение како во диспозитивот

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатсво за правното средство: Против ова решение може да се изјави жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од приемот на Решението таксирана во износ од од 250 денари, административна такса во готови пари на уплатата сметка 840 ххх 031 61 во рамките на трезорската сметка.

МИНИСТЕР
Naser Nuredini

11.11.2019
Изработил: Светлана Глигорова
Контролирал: Fatos Balliu
Одобрил: Nazim Aliti
Согласен: Директор на управа за животна средина
Xhezmi Saliu


Министерство за животна срединаи просторно планирањеnaРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk